**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 0803 – 215/1**

**Скопје, 03/02/2009 година**

**ДО**
**ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА КЛИНИЧКА БОЛНИЦА - ТЕТОВО**

## ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој извештај е извршената ревизија на побарувањата и обврските со состојба на 31.07.2008 година кај Јавната здравствена установа Клиничка болница Тетово (во понатамошниот текст ЈЗУ Клиничка болница).

2. Ревизијата на побарувањата и обврските од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за работењето на ЈЗУ Клиничка болница Тетово за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Искажувањето на состојбата на ненаплатените побарувања и неизмирените обврски од точка 1 на овој извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

   - Д-р Асан Љума, Вршител на должноста директор на ЈЗУ Клиничка болница до 05.08.2008 година,
   - Д-р Атила Реџепи, Вршител на должноста директор на ЈЗУ Клиничка болница од 05.08.2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3, и да дадат мислење за побарувањата и обврските од точка 1 засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 09.09 до 08.10.2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на побарувањата и обврските од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење дали побарувањата и обврските се реално и објективно искажани во сметководствената евиденција и дали истите се законски засновани.

   Со ревизијата на побарувањата и обврските, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

Ревизијата ја вклучува целокупната законска регулатива како и сите процедури и постапки при утврдување на реалното и објективно прикажување на побарувањата и обврските. Информациите за извршената ревизија се добиени преку:

- Закон за здравствената заштита;
- Закон за здравственото осигурување;
- Правилник за начинот на плаќањето на здравствените услуги во примарна здравствена здравствена заштита;
- Интерни акти;
- Сметководствена евиденција;
- Интервјуа со раководството на здравствен дом;

Ревизијата вклучува испитување на докази и проценување на:

- Правниот основ за постоење на побарувањата и обврските;
- Старосната структура на побарувањата и обврските и мерките превземени за наплата на побарувањата, искажани во заклучниот лист.

Поради наведеното, ревизијата изврши проверка на склучените договори со здравствените установи по основ на утврдените критериуми за начинот на плаќање на здравствените услуги како и договорите за јавни набавки во однос на спроведување на одредбите од Законот за јавни набавки.

Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

9. Со ревизијата на побарувањата и обврските, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 9.1. Систем на интерни контроли

Проверката на снимениот систем на интерните контроли е извршена со примена на контроли кои се однесуваат на начинот на организација на работењето на субјектот, начинот на раздвојување на должностите, контрола на опфатноста и точноста на влезните и излезната документација, при што ревизијата не констатира ризици во делот на реално и објективно искажување на побарувањата и обврските.

### 9.2. Искажување на побарувањата и обврските во Билансот на состојба

Врз основа на меѓународните стандарди за ревизија 500 - Ревизорски докази и 505 - Екстерни конфирмации од страна на ревизијата беа испратени конфирмации до комитентите заради обезбедување соодветни ревизорски докази за состојбата на побарувањата и обврските.

За вкупните неизмирени обврски спрема добавувачите со состојба на ден 31.07.2008 година во вкупен износ од 71,256 илјади денари испратени се 28 конфирмации во износ од 65,887 илјади денари, кои опфаќаат 92% од обврските. Од испратените конфирмации до денот на ревизијата добиени се одговори од 10 комитенти во износ од 33,018 илјади денари (50% од испратените конфирмации), од кои 7 конфирмации во износ од 27,120 илјади денари ја потврдија сметководствената состојба (41% од испратените конфирмации), 3 конфирмации во износ од 5,897 илјади денари не ја потврдија сметководствената состојба (9% од испратените конфирмации ) додека за 18 конфирмации во вкупен износ од 32,869 илјади денари  (50% - од испратените конфирмации) не се добиени одговори.


*ул: “Маршал Тито” - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311 ----------------------------

За ненаплатените побарувања во вкупен износ од 67,160 илјади денари испратени се 9 конфирмации во износ од 56,087 кои опфаќаат 84% од побарувањата. Од испратените конфирмации до денот на ревизијата добиени се одговори од 5 комитенти во износ од 39,395 илјади денари (70% од испратените конфирмации), од кои 4 конфирмации во износ од 34,068 илјади денари ја потврдија сметководствената состојба (61% од испратените конфирмации), 1 конфирмација во износ од 5,327 илјади денари не ја потврди сметководствената состојба (9% од испратените конфирмации ) додека за 4 конфирмации во вкупен износ од 16,692 илјади денари (30% - од испратените конфирмации) не се добиени одговори.

Од страна на ревизијата е извршено испитување и анализа на сметководствената документација кај одделни должници и доверители со што се потврди состојбата на побарувањата и обврските искажани во сметководствената евиденција.

Врз основа на испратените конфирмации и пристигнатите одговори, ревизијата обезбеди доказ дека побарувањата и обврските со состојба на ден 31.07.2008 година во сметководствената евиденција се реално и објективно искажани.

**Препорака**

Одговорниот сметководител навремено да спроведува усогласување на состојбите на ненаплатените побарувања и неизмирените обврски со должниците и доверителите, заради реално и објективно искажување на истите во Билансот на состојба.

10. Според наше мислење, искажаните побарувања и обврски во ЈЗУ Клиничка болница - Тетово се реално и објективно искажани во сметководствената евиденција и истите се законски засновани.

**Скопје, 20/01/2009 година** **Овластен државен ревизор**



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311